**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# Наставна програма

# Македонски јазик
# за VI одделение

**Скопје, 2023 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Македонски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VI (шесто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јазик и комуникација<br>• Литература, творење и изразување<br>• Медиумска писменост |
| **Број на часови** | 4 часа неделно / 144 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>Забелешка: Доколку наставата е кабинетска се препорачува организирање на драмско катче, уметничко-литературно катче, новинарско катче, место за библиотека во училницата. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по Македонски јазик во VI одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI А  т.е 240 кредити; |

| | |
|---|---|
| | <ul><li>Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI A т.е 240 кредити;</li><li>Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI A т.е 240 кредити;</li><li>Македонска книжевност и култура VII/1 или VI A т.е 240 кредити;</li><li>Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;</li><li>Македонски јазик и англиски јазик (германски јазик, француски јазик) VII/1 или VI A т.е 240 кредити.</li></ul>Забелешка: Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик во основното образование. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Јазична писменост**

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудио пораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |

| | |
|---|---|
| I-А.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-А.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| I-А.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи во предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење може да придонесе за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвика недоразбирање и конфликти; |
| I-Б.5 | читањето и изразувањето на мајчиниот јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди **Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура Техника, технологија и претпримништво** и **Уметничко изразување и култура**.

**Дигитална писменост**

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

| | |
|---|---|
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи |

| | |
|---|---|
| IV-А.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, |
| | |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби, |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и дигитални облаци, |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор, |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава, |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и сајбер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници, |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето, |

**Личен и социјален развој**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите, |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |

| | |
|---|---|
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби, |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите, |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешниото во сопствените и туѓите постапки и да манифестира диблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина), |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки, |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката знае и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |

**Општество и демократска култура***:*

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него, |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции, |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси, |

**Техника, технологија и претпримништво**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |

**Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

| | |
|---|---|
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Подрачје:** ***ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА***

**Вкупно часови: 70 часа**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. прави поделба на гласовите по звучност и ги применува правилата за гласовни промени при пишувањето и зборувањето;
2. правилно ги акцентира зборовите според правилата за акцентирање во македонскиот стандарден јазик;
3. правилно ги употребува формите на именките и на придавките, според граматичките категории *род, број* и *определеност*;
4. правилно ги користи основните форми на личните и показните заменки;
5. правилно образува глаголски форми за сегашно време, идно време и минато определено време;
6. ги посочува особеностите на реченицата, ги идентификува главните делови на простата реченица и ја објаснува нивната функција;
7. го препознава лексичкото значење на зборовите и наведува примери за синоними, антоними и хомоними;
8. ги применува усвоените фонетски, граматички и правописни правила во пишувањето;
9. слуша и чита со разбирање и да користи податоци од различни извори при пишување текст.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **Наука за јазикот**<br>• **Комуникација – елементи и видови**<br>(елементи на комуникацијата: порака, испраќач на пораката, примач на пораката, средство за пренесување на пораката; знак, симбол, сигнал, сигнална и симболичка комуникација, вербална и невербална комуникација, посредна и непосредна комуникација, еднонасочна и заемна комуникација) | • Го објаснува поимот комуникација.<br>• Ги објаснува елементите на комуникацијата преку пример.<br>• Прави разлика помеѓу знак, симбол и сигнал.<br>• Споредува различни видови комуникација (сигнална и симболичка комуникација, вербална и невербална комуникација, посредна и непосредна, еднонасочна и заемна комуникација) користејќи соодветни примери.<br>• Креира и презентира модели на пренесување пораки во различни комуникациски ситуации. |

| | |
|---|---|
| **Фонетика**<br>• Поделба на гласовите (самогласки, согласки, самогласно р)<br>• Поделба на согласките по звучност<br>(звучни, безвучни и сонанти)<br>• Гласовни промени: едначење на согласките по звучност и обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот<br>• Правописни правила во однос на гласовните промени едначење по звучност и обезвучување на звучните согласки крајот на зборот<br>• Акцент<br>(акцентиран слог, акцентен знак, определен, третосложен, динамичен, акцентирање сложени зборови) | • Ја објаснува поделбата на гласовите на самогласки и согласки.<br>• Наведува и конструира примери со самогласното *р* во усна и писмена комуникација.<br>• Правилно го пишува р во даден збор (со или без апостроф).<br>• Идентификува звучни, безвучни согласки и сонанти во даден збор.<br>• Наведува примери на двојки составени од звучна и безвучна согласка.<br>• Ги наведува и објаснува гласовните промени и дава примери за едначење на согласките по звучност и обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот.<br>• Идентификува и објаснува едначење на согласките по звучност во даден збор.<br>• Идентификува обезвучување на звучните согласки на крајот на даден збор.<br>• Ги применува правописните правила за: едначење на согласките по звучност во дадени зборови и обезвучување на крајот на зборот.<br>• Ги наведува карактеристиките на акцентот на македонскиот стандарден јазик (определен, третосложен, динамичен).<br>• Правилно ги акцентира зборовите и го нагласува акцентираниот слог при читањето и при усно изразување и говорење.<br>• Правилно бележи со акцентски знак еднсложни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови.<br>• Го идентификува и бележи акцентот кај сложените зборови. |
| **Морфологија**<br>• Именки: видови именки и граматички категории на именките<br>(општи и сопствени, збирни и материјални, конкретни и апстрактни именки, граматичките категории род, број и определеност, член, членски наставки)<br>• Придавки: граматички категории на придавките и степенување на придавките<br>(описни придавки, граматички категории род, број и определеност, степенување на придавките - позитив, компаратив, суперлатив)<br>• Лични заменки : граматички категории лице, број и род; показни заменки: граматички категории род и број | • Ги наведува видовите именки: општи и сопствени, конкретни и апстрактни, збирни и материјални.<br>• Го идентификува видот на именките во даден текст и наведува примери на различни видови именки.<br>• Ги идентификува и ги наведува формите за род и број на именки и колебливоста на родот кај именките во даден текст.<br>• Ја објаснува улогата на членската наставка кај именките и ги наведува трите форми на членските наставки според родот и бројот на именките.<br>• Правилно ги користи членските наставки при изразување на просторната определеност во зборовните изрази.<br>• Правилно ги користи формите на граматичките категории на придавките во усното и во писменото изразување. |

| | |
|---|---|
| | • Правилно ги користи формите за членување на придавките во согласност со членувањето на именките.<br>• Ги препознава описните придавки, го објаснува нивното значење и ги применува во усна и писмена комуникација.<br>• Образува смисловни и граматички правилни состави од именка и придавка/придавки.<br>• Правилно образува компаратив и суперлатив на придавките и ги применува правописните правила во однос на степенувањето.<br>• Ја објаснува (преку примери) улогата на личните заменки во реченицата со кои се означува односот на учесниците во разговорот.<br>• Ги наведува личните заменки во еднина и множина, со нагласување на формите за граматичката категорија род само во 3. л. еднина.<br>• Ги идентификува личните заменки во даден текст и го определува нивниот род, број и лице.<br>• Ги идентификува показните заменки во даден текст и го определува нивниот род и број.<br>• Ги поврзува формите на показните заменки со формите на членуваните именки.<br>• Прави разлика помеѓу показните заменки *тој, таа, тоа* и личните заменки за 3. лице еднина. |

| | |
|---|---|
| • Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол *сум и има*; личноглаголска форма<br>(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време) | • Ги разликува глаголите според значењето – дејство или состојба.<br>• Разликува глаголски форми според граматичките категории време, број, лице и вид.<br>• Правилно образува свршени глаголи од несвршени и обратно.<br>• Идентификува општ дел, основен вокал и наставка кај глаголот.<br>• Ги разликува глаголските групи според тоа на која самогласка завршуваат во 3л. еднина сегашно време.<br>• Разликува прости и сложени глаголски форми според употребата на личноглаголските форми.<br>• Менува дадени глаголи во сегашно, идно и минато определено време.<br>• Посочува примери на глаголски форми за сегашно, идно и минато определено време.<br>• Ги менува и ги користи глаголите СУМ и ИМА во формите за сегашно, идно и минато определено време.<br>• Ги менува постојните глаголски форми за време со форми за друго глаголско време. |
| **Синтакса**<br>• Реченица: поим, содржина и модална карактеристика на реченицата<br>(расказни реченици, прашални реченици, извични реченици)<br>• Граматичка структура на реченица<br>(проста реченица, подмет, прирок - глаголски прирок) | • Ја идентификува реченицата како логичен состав од зборови, како граматички правилна конструкција и како интонациска целина.<br>• Идентификува видови реченици според модалноста во даден текст.<br>• Ја објаснува структурата на простата реченица и функцијата на прирокот и подметот во реченицата.<br>• Креира проста реченица со подмет и прирок.<br>• Ги препознава и ги разликува формите на глаголскиот прирок.<br>• Составува реченици со различни видови зборови (именки, заменки и придавки) во функција на подмет. |
| **Лексика**<br>• **Лексички значења на зборовите** | • Наведува примери за еднозначни и за повеќезначни зборови.<br>• Ја објаснува разликата меѓу директно и преносно значење на зборовите преку примери. |

| | |
|---|---|
| (еднозначност и повеќезначност на зборовите; директно и преносно значење, конкретно и апстрактно значење на зборовите, синоними, хомоними, антоними) | • Ја објаснува разликата меѓу конкретно и апстрактно значење на зборовите преку примери.<br>• Идентификува зборови во текст што имаат синоними или антоними и ги наведува нивните синоними/антоними.<br>• Идентификува зборови во текст што се хомоними и ги наведува нивните различни значења. |
| **Правописни правила**<br>• Употреба на голема буква<br>• Употреба на интерпункциските знаци (точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, наводници)<br>• Делење на зборовите на крајот од редот и пренесување на дел од зборот во друг ред (правописен знак цртичка) | • Правилно користи голема буква на секој дел кај сопствените именки; голема почетна буква само на првиот дел од називот и на други составни делови ако претставуваат имиња.<br>• Правилно ги користи интерпункциските знаци: точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, наводници во писмената комуникација.<br>• Правилно ги дели и пренесува зборовите на крајот од редот со цртичка. |
| • Читање со разбирање<br>• Слушање со разбирање<br>• Пишување текстови со користење податоци | • Одговара на прашања во врска со податоци дадени во вид на табели и графикони.<br>• Одговара на прашања во врска со податоци дадени на мапа.<br>• Одговара на прашања поврзани со содржина на прочитан текст од стручна книга, енциклопедии, извештаи.<br>• Одговара на прашања поврзани со слушнат текст на дадена тема.<br>• Резимира во 1-2 реченици (во пишана или усна форма) слушнат или прочитан текст од 5-6 реченици.<br>• Искажува став (во пишана форма) за тема во прочитан текст и го поткрепува со цитати од текстот.<br>• Изделува податоци од прочитан стручен текст во врска со дадена тема.<br>• Пишува нелитературен текст со користење податоци од различни извори (стручни книги, учебници, весници, списанија, речници, енциклопедии).<br>• Правилно ги наведува изворите на податоците што ги користи при пишување текстови. |

**Примери на активности:**

*(Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците се поделени во групи, добиваат илустрации со различни средства за комуникација, на пример: телевизор, телефон, компјутер, а потоа имаат задача да размислат какви пораки може да се пренесат со помош на посоченото средство на илустрацијата. Секоја група кратко презентира пред останатите групи. Потоа се поведува дискусија со насочени прашања: Како се нарекува процесот во кој се разменуваат пораки/информации? Што користевте како средство за пренесување на пораките? Дали користевте само зборови? Дали користевте гестови и мимики? Како се нарекува оној кој ја испраќа пораката и како се нарекува оној кој ја прима пораката? Учениците во групи преку техниката грозд ги претставуваат основните елементи на комуникацијата.
- Учениците работат во двојки. Разгледуваат фотографии и слики со различни примери на знаци кои секојдневно ги користиме (жолти лисја, гулаб со маслинова гранка во клунот, училишно ѕвонче, автомобил украсен со цвеќиња, стапалка на плажа, семафор). Под секоја фотографија/слика, учениците треба да запишат каква порака е испратена и како му е упатена на примачот. Се поведува разговор што е знак и каква е неговата улога и кои од знаците се испратени со намера, а кои не се испратени со намера до испраќачот. Потоа, учениците во двојки ги подредуваат знаците од примерите во табела на таблата која е поделена во две колони: сигнали и симболи. Неколку парови ја презентираат табелата со подредените знаци (сигнали и симболи) пред целата паралелка. На крајот табелата се дополнува и со други примери за сигнална и симболичка комуникација.
- На учениците преку слики, видеа, инсерти им се презентираат различни видови комуникација. Учениците ги идентификуваат и низ дискусија ги објаснуваат различните видови комуникација од презентацијата. Потоа се делат во групи. Секоја група креира и презентира по еден пример за различен вид комуникација со слика и со зборови. Останатите групи слушаат и дополнуваат со свои примери.
- Учениците се поттикнуваат да изговараат самогласки и согласки и да го опишат движењето на воздушната струја при нивното формирање. Притоа, наставникот поставува насочувачки прашања преку кои учениците ќе заклучат дека при изговорот на самогласките воздухот од белите дробови низ душникот, во гркланот ги придвижува гласните жици слободно движејќи се низ усната празнина и излегувајќи низ усните. При треперењето на гласните жици нема препреки и овие гласови, самогласките, се слушаат чисто. Учениците се насочуваат со прашања и во однос на согласките, тие го поминуваат истиот пат низ органите, но притоа наидуваат на препрека во различни делови од усната празнина. Учениците пишуваат заеднички заклучок и го споделуваат во одделението.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива сет со примери од зборови кои го содржат р во позиција на самогласка и р во позиција на согласка. Групите имаат задача да ги поделат зборовите на слогови и да го определат самогласното р во посочените примери. Во продолжение тие добиваат текст од кој ќе ги распоредат зборовите кои го имаат во својот состав самогласното р во табела со две колони. Во едната колона ги внесуваат зборовите во кои самогласното р е на почетокот на зборот и се пишува со апостроф, а во другата колона р е во средината на зборот и се пишува без апостроф. На крајот секоја група го презентира сработеното и пишуваат по еден нов пример на самогласното р во различна позиција во зборот.

- На учениците им се претставува поделбата на гласовите според признакот звучност на графички организатор по избор на наставникот/наставничката. Се поттикнуваат да ги изговараат гласовите, по претставен пример од наставникот и да забележуваат разлики во артикулацијата. Наставникот/наставничката со насочувачки прашања и објаснувања ги води кон главниот заклучок – треперењето на гласните жици, односно нивната затегнатост при изговорот ја создава нивната звучност. Најзвучни се самогласките, потоа сонантите и на крајот согласките. При изговорот на согласките, доколку гласните жици не се оптегнати, туку опуштени, се создаваат безвучните согласки. На крајот учениците во дадени зборови ги детектираат звучните и безвучните гласови и заеднички се проверуваат.
- Учениците добиваат картички со гласови. Наставникот на таблата поставува приказ /табела од паровите звучна и безвучна согласка. Им објаснува да ги читаат во пар како што се прикажани во табелата, при што ученикот кој ја има картичката Б ја изговара, а веднаш по него се изговара П и така сè до безвучната Х. Изговорот во парови се повторува неколку пати. Потоа учениците добиваат табела во која недостига една согласка од парот. Учениците имаат задача да ја пополнат табелата и заеднички да се проверат. На крајот од активноста на импровизирано петолиние и со различна боја, учениците ги запишуваат гласовите според звучноста, така што на најгорните линии стојат самогласките, па подолу сонантите, па звучните согласки и најдолу безвучните согласки.
- Учениците разгледуваат на табла примери и дискутираат за начинот на нивниот изговор, односно како е полесно изговарањето во позиции на звучна и безвучна согласка една до друго во зборот, пример: клуб-клупски (клуб + ски), риба-рипка (риб + ка), снег-снекче (снег + че), град-гратче (град + че), тежок-тешка (теж + ка), блиска (близ + ка), гозба (гост + ба). Учениците заклучуваат дека поради приспособување на гласовите за полесен изговор настанува гласовна промена која се вика едначење по звучност. Потоа учениците работат индивидуално врз текст во кој има зборови каде настанува едначење по звучност. Ги детектираат и дискутираат за погрешно напишаните зборовите во него, а потоа ги запишуваат на таблата и се обидуваат да ги изговорат.
- Учениците ги изговараат зборовите кои се на таблата и забележуваат кој збор како се изговара: даб, џеб, бев, живеев, прав, прв, праг, драг, брег, снег, млад, град, ред, рид, грабеж, надеж, бодеж, стремеж, копнеж, еж, нож, образ, мраз. Потсетувајќи се на табеларниот приказ на звучни и безвучни двојки дискутираат за звучните и безвучните согласки. Заклучуваат дека звучните согласки на крајот од зборот се изговараат како безвучни, бидејќи е така полесно, но обезвучувањето не се бележи во пишувањето.
- Учениците проследуваат презентација со примери во кои се посочени правилата за едначење на согласките по звучност и обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот. При читањето на примерите, учениците низ прашања откриваат кога доаѓа до едначење на согласките по звучност и според која согласка се врши оваа гласовна промена. Истата постапка ја повторуваат за обезвучувањето на звучните согласки на крајот од зборот. Учениците продолжуваат да работат во двојки. Секоја двојка добива наставен лист со текст во кој гласовните промени не се соодветно забележани/напишани, истото го коригираат. Сработеното се презентира пред целата паралелка со почитување на правоговорот и правописот.
- Учениците работат во пар, добиваат текст, го читаат и од него извлекуваат десет збора по свој избор. Ги делат зборовите на слогови. Ги изговараат и забележуваат кој слог е нагласен, бележат со акцентен знак и дискутираат дали определениот акцентиран слог се менува доколку зборот добие некоја наставка или друга измена во неговата должина. Заклучоците за карактеристиките ги даваат сами по насоки на наставникот и ги запишуваат на таблата.

- Учениците слушаат аудио снимка во кој говорникот еднаш неправилно, а друг пат правилно акцентира двосложни и трисложни зборови. Дискутираат за разликите од едната и другата снимка. Потоа повторно слушаат и анализираат. Им се објаснува дека разликите се настанати поради различното акцентирање. Потоа се поставуваат примери на таблата. Наставникот чита акцентирајќи правилно и бара од учениците да го забележат повишувањето/нагласувањето на еден слог во зборот. Во завршниот дел наставникот им го презентира правилото за акцентирање: кај зборовите составени од два слога, при изговор се нагласува вториот слог (на пр. добар, дедо, вака итн.), а кај трисложните зборови, при изговор се нагласува третиот слог од десно кон лево (на пр. Марија, ученик итн.). Потоа учениците добиваат листа со двосложни и трисложни зборови кои треба да ги напишат поделени на слогови и да го означат слогот на кој паѓа акцентот. На крајот, учениците ги читаат на глас зборовите од листата, прво акцентирајќи ги правилно, а потоа звуковно нагласувајќи го акцентираниот слог.
- Учениците самостојно избираат текст (од кој било стил), го читаат пред одделението со почитување на правилата за акцент кои ги изучиле. Имаат задача активно да слушаат, да водат белешки за акцентирањето и да си даваат повратна информација по секое читање според запишаните белешки за неправилно акцентираните зборови.
- Учениците добиваат работен лист во кој има две колони: едната означена како колона во која се посочени зборови: оро, водач, вино, жито, дрво, ред, север, исток, запад, југ,  а другата како колона во која ќе образуваат и ќе бидат запишат нови зборови составени од два дела: ороводец, виножито, сончоглед и сл. По завршување на задачата учениците прво ги читаат зборовите што ги добиле како наведени во првата колона, а потоа ги читаат новите зборови од втората колона и ги запишуваат на таблата. Со помош на прашања учениците констатираат дека има прости и сложени зборови и дека најголем дел од сложените зборови се подведуваат под истото правило за акцентирање кое се однесува на простите, но и дека има сложени зборови кои секогаш се со акцент на вториот составен дел и покрај тоа што се повеќесложни. По завршената активност неколку ученици запишуваат на таблата по еден пример на сложен збор и правилно го изговараат.
- Учениците се делат во групи. Секоја група добива наставен лист во кој има различни задачи: да се направи попис на сите предмети во училницата, да се набројат имињата на предметите кои се користат кога се подготвува храна, рецепт, краток текст кој изобилува со именки од некоја конкретна област – пример градежништво, или текст со попис на артикли од бутик и сл. Потоа прават табела во која определуваат кои од именките се: општи и сопствени, конкретни и апстрактни, збирни и материјални (некои од именките може да се најдат во неколку колони од табелата). Задача за учениците е да бараат што е заедничко, а што посебно за општите и сопствените, конкретните и апстрактните, збирни и материјалните именки и сл. Заклучоците ги презентира секоја група пред паралелката.
- Учениците работат во двојки. Добиваат наставен лист со две табели. Меѓусебно треба да си кажат по пет општи именки и да ги запишат во табелите одредувајќи род и број на кажаните именки. Неколку ученици ги читаат примерите пред сите.
- Учениците се поделени во парови и добиваат наставен лист на кој е напишан текст, пример: *Владо седеше покрај огнот на плажата каде што имаа забава. Одеднаш забележа дека нараквицата на Мери беше во жарта. О, како да ја спаси? Зеде стапче и ја пренесе на безбедно во сувиот песок. Но потоа кога сакаше да ја допре, нараквицата беше пожешка од жар. Ја фрли и падна назадечки во песокта.* На наставниот лист задебелени се: песок, песокта, жар, жарта. Учениците имаат задача да го одредат родот кај именките и за истото се прави дискусија. Заклучуваат дека кај одредени именки во македонскиот јазик има колебање во родот, односно дека се дволодови именки.

- Учениците добиваат текст заситен со именки. Наставникот посочува да ги напишат именките во своите тетратки. На таблата се пишуваат примери од членувани и нечленувани именки, а учениците ги разгледуваат примерите и прават свои заклучоци. Потоа на таблата се поставени слики, постери и слично, од каде може да се види дека именките се визуелно претставени со различна оддалеченост од говорителот. Учениците создаваат свои примери, реченици во кои ги употребуваат именките со различни членски наставки. Читаат и коментираат што означуваат: -**ов,-ва,-во,-ве** и кога се употребуваат (блиску до тој што зборува), -**он,-на,-но,-не** и кога се употребуваат (далеку од тој што зборува), **-от,-та,-то,-те** и кога се употребуваат (пред тој што зборува). Заклучуваат заедно со наставникот/наставничката дека со членувањето се изразува определеност на именките.
- Учениците работат во парови. Извлекуваат неколку картички со именки. Задачата е едниот ученик да влече картичка и да му ја прочита именката на другиот. Тој да ја членува и да ја запише во тетратката, а потоа и да го определи родот и бројот кај истата. Потоа учениците си ги заменуваат своите улоги. Неколку пара ученици ги запишуваат одговорите на таблата образложувајќи ги граматичките категории кај именките.
- Учениците учествуваат во игровна активност „Погоди го предметот и опиши го", во парови. Секој ученик треба да замисли еден предмет кој се наоѓа во училницата. Потоа, секој ученик на лист хартија треба да напише три придавки кои го објаснуваат замислениот предмет (на пример, ако ученикот го замислил зборот „врата" може да ги напише придавките: дрвена, бела, голема). Потоа учениците си ги менуваат листовите и секој треба врз основа на напишаните придавки да го погоди замислениот предмет на своето другарче. Парот добива поен тогаш, кога и двајцата ученици од парот ќе го погодат зборот на своето другарче и ќе ги кажат граматичките категории на придавките кои се употребени за описот на зборот/именката.
- Учениците поделени во групи добиваат текстови во кои ги подвлекуваат именките и ги одредуваат граматичките категории род, број и определеност. Потоа за секоја именка пишуваат по неколку придавки и составуваат реченица. Откако ќе завршат со активноста, групите даваат сопствени коментари во однос на поврзаноста на определеноста кај придавките и именките во дадените примери.
- Учениците добиваат илустрации како мотивација да направат описи на нешта кои ќе ги селектираат од илустрацијата. Секој посебно го образложува значењето на описните придавки кои ги користел/а.
- Учениците добиваат на наставен лист краток текст со содржина која е поврзана со некои од содржините по другите предмети. Ги пронаоѓаат именките во текстот, а потоа за нив смислуваат придавки со кои ќе образуваат смисловно и граматички правилни состави од именка и придавка/придавки.
- Учениците работат во групи. Пред секоја група се поставуваат по три предмети кои ги карактеризира исто својство кое е застапено во помал или поголем степен. Во рамките на групата учениците треба да определат кај кој предмет истото својство е застапено во помал, односно поголем степен. Потоа споредуваат два предмети и определуваат кај кој предмет својството е застапено во поголем/помал степен. Од употребените придавки учениците во групите составуваат реченици, а потоа по еден ученик од групите ги запишува речениците на таблата, презентирајќи што сработиле и заедно ги коментираат и ги согледуваат карактеристиките во однос на степенувањето. Заедно со наставникот заклучуваат дека се степенуваат описните придавки и дека истите разликуваат две форми за степен (компаратив и суперлатив) претставени преку претставките по- и нај- кои се пишуваат заедно/слеано со основната форма на придавката.

- Учениците се застанати во круг. Си подаваат топче. Оној кој го има топчето кажува именка и го фрла топчето кон некој од кругот, тој кој го добива топчето кажува придавка и го подава топчето пак, третиот ја степенува придавката. Постапката се повторува додека има интерес за играта.
- Наставникот ги претставува основните форми на личните заменки: еднина 1. л. **јас**, 2. л. **ти**, 3. л. **тој, таа, тоа**; множина 1. л. **ние**, 2. л. **вие**, 3. л. **тие**. Учениците добиваат текст во кој се употребени сите лични заменки во различно лице и број . Имаат задача да ги најдат и подвлечат и да го одредат нивните категории лице, број и род доколку се во 3.л. едина. Откако ќе ги прочитаат идентификуваните лични заменки, преку дискусија изведуваат заклучок за тоа кога се користат основните форми на личните заменки: прво лице е лицето што зборува; второ лице е лицето кому му се зборува; трето лице е лицето за кое се зборува. Учениците, поделени во групи, смислуваат реченици во кои правилно ги користат личните заменки (објаснувајќи ја нивната поврзаност со учесниците во говорната ситуација) што ги кажуваат усно, и реченици што ги запишуваат.
- Учениците работат поделени во групи. Добиваат текст во кој има употребено показни заменки. Имаат две задачи: да ги пронајдат сите показни заменки и да го одредат нивниот број и род. Да ги пронајдат членуваните придавки и именки, и истите да ги заменат со показна заменка. (На пример: ***Писменцево*** *однеси му го на* ***момчено*** *со црвена јакна и донеси ми ја* ***црвената*** *јакна/* ***Ова*** *писменце однеси му го на* ***она*** *момче со црвена јакна и донеси ми ја* ***таа*** *јакна.)* Потоа дискутираат за разликата меѓу личните заменки во трето лице еднина и показните заменки тој, таа, тоа. Секоја група запишува по два нови примери за секој вид задача.
- Учениците се поделени во двојки и со помош на техниката минута работа имаат задача да запишат во своите тетратки по пет глаголи, а потоа со истите да состават пет реченици. Во примерите најпрво одредуваат што означува глаголот: дејство или состојба. Во истите примери со глаголи потоа разликуваат лице, време и број. Сработеното го презентираат запишувајќи ги примерите на таблата. Потоа учениците добиваат наставен лист со табела во две колони каде треба да ги запишат глаголите од таблата и да ги распоредат во колоните според поставените барања. Во првата колона глаголите со кои се искажува дејство кое е во процес во одвивање, а во втората колона треба да се распоредат глаголи со кои се искажува дејство во неговата заокруженост увежбувајќи ја категоријата вид кај глаголите. Сите одговори се проверуваат заеднички во паралелката.
- Учениците имаат задача да ги пронајдат глаголите од даден текст, може да биде и песна или неколку реченици. Откако ќе ги одделат, ја определуваат основата форма на глаголот и неговиот вид. Потоа им се претставува глаголскиот конјугатор, кој може да се најде на интернет како посебна апликација, и таму внесувајќи ја основната форма на глаголот, проверуваат дали точно го определиле видот на глаголот. Штом проверат, го трансформираат глаголот: ако е свршен, во несвршен и обратно.
- Учениците работат во парови. Добиваат наставен лист на кој има запишано пет несвршени глаголи. Задачата е да ги трансформираат во свршени со користење на префикси (гради-изгради, мие-измие). Потоа, пет свршени глаголи треба да ги трансформираат во несвршени на тој начин што ќе им додадете суфикс **-ва** или **-ува** на свршените, на пример: седне (свршен) – седнува (несвршен), изгрее (свршен) – изгрева (несвршен). Сработено го презентираат пред целата паралелка. На крајот добиваат наставен лист со реченици во чиј состав се употребени глаголите: руча, вечера, телефонира и информира. Секој пар има задача да ја определи граматичката категорија вид кај посочените глаголи. Потоа се презентира сработеното и се коментира видската припадност на употребените глаголи – видската припадност се определува само во реченицата, во контекстот.

- Учениците се делат во групи. Секоја група добива пластифицирани составни делови за пет глаголи. Деловите се: општ дел, основен вокал и наставка. Во тие пет глаголи треба да се наоѓа и глагол кој нема наставка или глагол кој нема основен вокал, за да се воочи дека некогаш тие може да изостануваат. Задачата е да ги состават глаголите, да ги прочитаат и секој во својата тетратка да напише по една реченица. Потоа ги читаат пред сите ученици во паралелката.
- Учениците работат во мали групи, по четворица. Секоја група добива ист текст. Задачата е да ги пронајдат глаголите и да определат на кои од трите глаголски групи им припаѓаат. Претходно им се кажува колку глаголи има во текстот и колку од нив припаѓаат на а-глаголска група, колку на е-група, колку на и-глаголска група. Групата што ќе заврши прва и точно ќе одговори на задачата е победник.
- Учениците ги користат речениците од претходната активност и имаат задача да ги споредат глаголските форми. Треба да согледаат дека две од формите се прости (сегашно време и минато определено време), а третата (идно време) е сложена. На една презентација наставникот/наставничката им ги покажува сите глаголски форми со примери и визуелно заклучуваат кои се прости, а кои сложени според составот/градбата на глаголската форма.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива наставен лист со примери на глаголски форми во сегашно, идно и минато определено време. На наставниот лист има табела со три колони и над секоја колона е запишано името на глаголското време: сегашно, идно и минато определено време. Групите имаат задача да ги подредат глаголите во колоните, образувајќи ги со наставките за соодветното време. Се врши проверка на сработеното пред целата паралелка и наставникот дава повратна информација.
- Учениците се поделени во мали групи. Секоја група добива плик со по три реченици коишто се составени со глаголски форми за идно, сегашно и минато определено време со различни значења. Учениците треба ги посочат значењата на глаголските форма употребени во трите реченици. Секоја група ги дава одговорите на поставеното барање. Преку дискусија наставникот и учениците изведуваат заклучоци за значењата на глаголските форми употребени во посочените реченични ситуации.
- Учениците ја играат играта Јас сум – ти си: Влечат сликички на кои има илустрирано инсекти, животни, предмети... Дел од нив се повторуваат. Стојат во круг и се почнува со тоа што наставникот/наставничката кажува една илустрација од сликичките. Пр: пеперутка. и вели: „јас сум пеперутка“, ако има некој кој е пеперутка, а се наоѓа во близина на наставникот/наставничката, истапуваат еден чекор во кругот и наставникот/наставничката вели: „ти си пеперутка“, ако е подалеку од наставникот/наставничката, вели: „тој е пеперутка“. Ако се работи за повеќе ученици, во зависност од нивната поставеност, наставникот/наставничката вели: „ние сме пеперутки, и вие сте пеперутки, тие се пеперутки. При секоја промена на сликичката, наставникот/наставничката внимава на позицијата на ученикот кон кој се обраќа. Потоа ги запишува речениците од една сликичка на таблата, па разговара со учениците за тоа што го гледаат на таблата. Учениците треба да ги увидат личните заменки, но и формите на помошниот глагол сум во сегашно време. Играта се повторува со тоа што им се кажува на учениците да замислат дека сонувале оти се она што го има на картичката, па фразата сега ќе биде: „Јас сонував дека бев пеперутка...“ и така ги добиваме формите од помошниот глагол сум за минато определено време. Во продолжение учениците поделени во две групи имаат задача да состават текст со десетина реченици, но едната група треба да ги користи формите на помошниот глагол сум во сегашно време, а другата треба да ги користи формите на помошниот глагол сум во минато определено време. Секоја група ги чита текстовите и се дискутираат разликите кои се јавуваат кај формите од помошниот глагол сум за двете времиња.

- Учениците добиваат различни илустрации кои ќе им помогнат да напишат реченици во кои ќе ги употребат глаголите сум и има. Им се посочува да ги користат во различно лице и број и во различни времиња.*(пр.: Овој човек во минатото имал скап и луксузен автомобил, сега има само велосипед со кој успешно рекреира.)*
- Учениците се делат во три групи. Секоја група добива ист текст, но во истиот текст се употребени глаголи во различно време. Задачата е да се открие со кое глаголско време се искажани дејствата во текстот и како се пишува глаголската форма за даденото време. Примерите, групите ги запишуваат на таблата посочувајќи на времето кога се врши глаголското дејство.
- Учениците играат игра со тениско топче. Оној што го има топчето кажува реченица во сегашно време, го фрла топчето кај друг ученик и тој треба да ја трансформира реченицата во идно време, потоа следниот ученик којшто го има топчето ја трансформира во минато време. Учениците ги запишуваат речениците во тетратките и составуваат краток текст од запишаните реченици.
- Учениците добиваат лист хартија на кој има напишано реченица. Со ножица ја сечат реченицата на тој начин што секој збор претставува посебно парче, посебна единица. Од ученикот се бара правилно да ги спои парчињата хартија на тој начин што правилно ќе конструира реченица која ќе претставува една смислена јазична целина составена од нејзините основни елементи. Учениците ги читаат и запишуваат речениците на таблата, истакнувајќи ја поврзаноста на нејзините основни елементи.
- Учениците се поделени во 4 групи и секоја група влече по еден лист со задача од кутија или од торбичка. На листовите има напишано: раскажи, желба, прашај, заповедај. Во зависност од зборот што го извлекле, треба да состават по 3 реченици преку кои ќе го изразат ставот на говорителот. (Пр: Вчера бев во Битола. Сакам сладолед. Каде одиш? Купи ми чоколадо!) Се читаат речениците, се дискутира каков став се изразува, што означуваат и со која интонацијата се читаат/интонираат.
- Учениците имаат задача да направат постер преку апликација соодветно достапна на интернет во кој како главна вест ќе имаат употребено расказна, прашална, желбена, извична реченица. (Кој е виновен за тоа што се случи? Денес времето ќе биде сончево и сл.) На часот ги презентираат постерите. Заеднички прават лектура на речениците и ја согледуваат соодветната интерпункција.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива краток текст во кој се означени простите реченици. Задачата е да се анализираат речениците. Од кои делови се составени? Каква информација ни даваат? Која е функцијата на простите реченици?
- Учениците се делат во парови. Секој пар добива картички на коишто има запишано различни видови зборови. Треба да изберат соодветни зборови и да состават реченица. Во продолжение добиваат задача да ја тргнат картичката каде што е прирокот. Се отвора дискусија дали може реченицата да стои без прирок?
- Учениците се поделени во парови. Секој пар прави своја табела со именки, заменки и придавки и глаголи. Потоа напишаните зборови ги користат за составување прости реченици. Во речениците подвлекуваат кој го врши дејството и кој збор го претставува самото глаголско дејство. Неколку реченици се запишуваат на таблата и се определува подметот и прирокот.
- Учениците се делат во пет групи (поделбата е 1, 2, 3, 4, 5 – се именуваат со броеви). Во рамките на секоја група се игра пантомима: „Погоди што правам?“ Ученикот стои пред групата и прави некакво движење, учениците треба да го погодат дејството и потоа да состават реченица со тој глагол. (Пр: Сара прави движења дека трча, учнците запишуваат: Сара трча). Потоа наставничката им задава глаголи: модални (може, мора, смее, сака) или фазни глаголи (фати, зафати, продолжи, престана) и им кажува да ги прошират речениците користејќи ги и нив. (Сара почна да трча). Потоа со учениците се дискутира за формите на глаголскиот прирок и дека може да биде прост и сложен.

- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива работен лист со примери за: именки, заменки, броеви или придавки. Задачата на групите е да го искористат секој  збор од работниот лист  во функција на вршител на глаголско дејство при составувањето реченица. Потоа по групи се читаат речениците и се запишуваат на таблата. Така се проверува точноста на задачата. На крајот се дискутира кои видови зборови се јавуваат во функција на подмет.
- Учениците работат во двојки. Секоја двојка добива наставен лист со текст чија содржина е богата со еднозначни и повеќезначни зборови. Учениците треба да ги наведат зборовите коишто имаат само едно значење и да ги наведат зборовите кои имаат две, три и повеќе значења. Учениците продолжуваат да работат во групи со задача да препознаат зборови и зборовни изрази со директно и преносно значење, конкретно и апстрактно и да ги преформулираат реченицата користејќи ги зборовите/изразите од кои директно ќе се препознаваат значењата (пр.: *Илина најде златен прстен. - Дедо Благоја има златно срце.; Мајка ми држеше чинија в рака. - Таа идејата држи место.*). Групите ги читаат на глас новосоставените реченици и сите заедно дискутираат за изразноста на текстот во кој се користат зборови/изрази со преносно значење. На крајот, наставникот презентира реченици со директно и преносно значење (пр.: *Денес бевме на планина. - Ти си планина човек!*) и во дискусија учениците го толкуваат нивното значење.
- Учениците самостојно работат на задачи и барања прикажани на наставен лист. Најпрво со техниката пица треба да запишат во четвртините од парчињата пицата синонимни значења за даден збор, на пример: *убава* (лична, прекрасна, привлечна, занесна). Во продолжение на активноста во табела го запишуваат спротивното значење на претходно зададени зборови. Со помош на антонимите и синонимите од наставниот лист, учениците составуваат реченици. Од неколкуте зададени хомоними составуваат реченици за да ги покажат различните значења на зборовите (Тој ми е син./Сакам син џемпер). Неколку ученици ги читаат своите примери пред останатите ученици во паралелката.
- Учениците се поделени во групи и секоја група добива да напише различни работи: (1) пет географски имиња (со еден и два збора во името) на континенти, држави, градови, океани, езера, реки, планини; (2) пет имиња на ученици во класот; (3) пет презимиња на наставници кои им предаваат; (4) пет прекари; (5) пет имиња на планети и галаксии; (6) пет наслови на омилени книги; (7) пет наставни предмети; (8) три називи на институции кои имаат повеќе зборови во називот. Групите ги запишуваат одговорите на табла и заеднички се дискутира за точноста на напишаното. Во дискусија се заклучува кога се користи голема буква при пишување на сопствените именки, особено кога имињата се составени од два збора.
- На претходно подготвена презентација, учениците проследуваат слајдови со фотографии. Во тетратката треба да ги запишат називите и имињата на тоа што го гледаат (историски настани, културни собири, цркви, манастири, политички партии). Потоа примерите се запишуваат на таблата и се дискутира како се запишани. По дискусијата следуваат слајдови со точно напишани имиња. Учениците прават лектура.
- Учениците работат самостојно. Добиваат текст на кој му недостигаат интерпункциски знаци: точка, запирка, прашалник, две точки, три точки, извичник, апостроф, наводници. Треба да ги запишат на соодветното место. На крајот од активноста добиваат по еден работен лист со точно употребени интерпункциски знаци и секој ученик ја проверува точноста на употребените знаци.
- Двајца ученици добиваат краток дијалог кој го глумат пред паралелката. Учениците го запишуваат она што го слушаат, користејќи ги правописните правила за обележување на директниот говор. На интерактивна табла или на работен лист е запишана дијалошката форма

со правилно употребени знаци за обележување на директниот говор од каде учениците заедно со наставникот/наставничката дискутираат за правилната употреба на знаците.

- Учениците пишуваат диктат при што фокус на проверката при пишувањето е пренесувањето на зборовите на крајот на редот. Точноста ја проверуваат во пар, според прикажаниот пример на таблата.
- Учениците работат во групи и читаат и разгледуваат текстови со графикони, табели и дијаграми. На наставен лист добиваат различни типови прашања (со заокружување, дополнување, целосен одговор, точно-неточно) кои се однесуваат на текстовите и треба да ги одговорат.
- Учениците се поделени во групи. Добиваат мапа, а секоја група треба информациите од мапата да ги презентира одговарајќи на поставените прашања.
- Учениците слушаат извадоци од книгата „Добра ноќ за бунтовни девојчиња“ од Елена Фавили. По секој слушнат текст одговараат на прашања кои ги добиле на наставен лист. Одговорите се презентираат пред паралелката. Се наведуваат примери од прочитаните делови од книгата за различни успешни жени во различни професии. Се заклучува дека жените можат да бидат успешни во различни професии (писателки, пилоти, истражувачки, научнички итн).
- Учениците добиваат задача да истражат кои стручни книги ги имаат во својот дом, да ги запишат нивните наслови и видот на стручната книга која ја нашле на дадена тема (речник, лексикон, енциклопедија, учебник итн.). Ако не можат да пронајдат дома, може да ја посетат и училишната библиотека и да добијат помош од библиотекарот. Учениците пронајдениот текст од стручна литература, енциклопедија или некој извештај, го претставуваат пред своите соученици. Учениците го слушаат текстот и одговараат на прашањата поврзани со слушнатиот односно прочитан текст. На крајот резимираат со една до две реченици во пишана или усна форма.
- Учениците добиваат наставен лист со информации за настани. Секој информативен текст е со должина од 5-6 реченици. Учениците имаат задача да изберат еден и да го резимираат со 1-2 реченици.
- Учениците преку насочувачка дискусија зборуваат за професии и дали истите можат да се поделат на машки и женски. Потоа учениците добиваат наставен лист со текст од книгата „Сто највлијателни жени во историјата“ (од повеќе автори). Потоа секој ученик во пишана форма треба да го искаже својот личен став во врска со темата и личноста од прочитаниот текст. Ставовите треба да бидат поткрепени со цитати од текстот што го прочитале. На крајот, во паралеката се читаат творбите на учениицте и се заклучува дека нема поделба на машки и женски професии и дека успешноста во определна професија зависи од многу други фактори (образование, стручност, посветеност итн).
- На учениците им се задава тема за која треба да најдат соодветна стручна литература (со помош и насоки од наставникот). Темата треба да е во согласност со нивната возраст (на пр. извадок од детска енциклопедија на теми кои се учат по предметот Природни науки, извадок од енциклопедија за настанокот на Сончевиот систем, за изумирањето на диносаурусите и сл. ) Учениците во двојки треба да изделат податоци од прочитаниот текст и да ги запишат во тетратките. Потоа добиваат задача да напишат нелитературен текст, користејќи ги изделените податоци. Откако ќе завршат со пишувањето, ги наведуваат изворите на податоци што ги користеле при пишувањето на текстовите. Неколку ученици ги читаат своите текстови пред целата паралелка.

**Подрачје:** ***ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***

**Вкупно часови: 54 часа**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ја објасни поделбата на литературата според формата и внатрешните својства на литературните текстови ;
2. разликува и анализира авторски текстови и текстови од народното творештво;
3. ја анализира структурата на лирските песни и да препознава стилски фигури во песните (рима, ономатопеја, епитет, компарација и персонификација);
4. разликува различни видови прозни текстови (мит, сказна, расказ, роман) и ги анализира според карактеристичните елементи;
5. прераскажува текстови, раскажува настани (усно и писмено) почитувајќи го редоследот на настаните;
6. пишува текст на дадена тема и на тема по избор, почитувајќи ги правилата за композиција на текст и правописните норми.

Ученикот/ученичката ќе:

1. развива свесност за потребата од читање литерурни дела;
2. гради мислење и зазема став за теми од литетурните дела;
3. креативно мислење.

<table>
<tr><th>Содржини (и поими):</th><th>Стандарди за оценување:</th></tr>
<tr><td>Поделби на литературата<br>(според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/уметничка литература, народна литература)</td><td>• Го објаснува значењето на поимот литература.<br>• Ги објаснува поделбите на литературата преку соодветни примери.<br>• Ги наведува основните одлики на литературните родови користејќи примери.<br>• Разликува литература напишана во стих и литература напишана во проза.<br>• Објаснува во каква форма може да бидат напишани литературните текстови од секој литературен род.<br>• Определува каде припаѓа даден литературен текст според внатрешните карактеристики и според формата.<br>• Го објаснува критериумот за поделба на народна и авторска/уметничка литература</td></tr>
<tr><td>Лирика<br>• Структурни белези на поезијата</td><td>• Разликува автор од лирски субјект во дадени лирски песни.<br>• Разликува врзан и слободен стих во дадени лирски песни.<br>• Го определува видот на дадени строфи според бројот на стиховите.<br>• Анализира структура на дадена лирска песна и го определува мотивот на песната.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| (стих, строфа, лирски субјект, мотив, поетска слика, врзан стих, слободен стих, моностих, дистих, терцина, катрен)<br>• Анализа на лирските песни според мотивот и стилското изразување<br>(пејзажна, патриотска песна; рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација) | • Ги идентификува поетските слики во дадена лирска песна и ги поткрепува со стихови од песната.<br>• Ги наведува стилските фигури (рима, ономатопеја, епитет, компарација, персонификација и ги илустрира со примери.<br>• Препознава и именува стилски фигури во лирски песни. |
| **Епика во проза**<br>• Структурни елементи на прозен текст<br>(раскажувач, видови на раскажувачи, раскажување, тема, мотив, лик, време, простор, идеја)<br>• Мит<br>• Сказни (бајки)<br>(сказна, волшебни елементи, реалистична приказна)<br>• Реалистични приказни<br>• Расказ<br>• Авантуристички роман | • Разликува раскажувач од автор/писател во дадено прозно дело.<br>• Разликува раскажувач во прво лице (јас) и раскажувач во трето лице (тој).<br>• Ги наведува елементите на прозен текст.<br>• Ги опишува карактеристиките на митот.<br>• Ги определува карактеристиките на даден мит.<br>• Издвојува клучни и непознати зборови во даден мит и прави кратки белешки.<br>• Наведува примери на митови.<br>• Ги објаснува елементите на сказната (тема, ликови, време, простор, волшебни елементи).<br>• Ги определува елементите во дадена сказна.<br>• Издвојува клучни и непознати зборови во дадена сказна и прави кратки белешки.<br>• Споредува митови и сказни според нивните карактеристики.<br>• Наведува примери на народни и авторски сказни.<br>• Ги објаснува елементите на реалистичната приказна (тема од секојдневието, реалистични ликови, време и конкретен простор).<br>• Ги открива и наведува карактеристиките во дадена реалистична приказна.<br>• Наведува примери на реалистични приказни.<br>• Ја објаснува разликата меѓу реалистичните приказни и сказните.<br>• Ги наведува карактеристиките на расказот по кој се разликува од другите епски творби во проза.<br>• Ги открива и опишува елементите во даден расказ (раскажувач, ликови, содржина, тема, време, простор, идеја).<br>• Издвојува клучни и непознати зборови во даден расказ и прави кратки белешки. |

| | |
|---|---|
| | • Ги наведува карактеристиките на авантуристичкиот роман по кој се разликува од другите епски творби во проза.<br>• Ги открива и опишува елементите во даден авантуристички роман (раскажувач, ликови, содржина, тема, време, простор, идеја).<br>• Ја поврзува проблематиката на даден литературен текст со стварноста преку наведување примери од секојдневниот живот. |
| **Изразување и творење**<br>• Раскажување и прераскажување (расказ, роман, филм, настан)<br>• Опишување (лик, предмет, појава, пејзаж, настан)<br>• Самостојно пишување текстови (композиција: вовед, главен дел, завршен дел; креативно пишување, дневник) | • Прераскажува содржина на прочитан расказ и роман (усмено и писмено), почитувајќи го редоследот на настаните во текстот.<br>• Прераскажува содржина на гледан филм (усмено и писмено), почитувајќи го редоследот на настаните во филмот.<br>• Раскажува за доживеан или измислен настан.<br>• Опишува ликови, личности, предмети, појави, пејзажи од реален живот или од илустрации/видеа.<br>• Користи опишување при самостојно составување текст.<br>• Пишува текст на дадена тема и на тема по избор, почитувајќи ги правилата за композиција на текст.<br>• Пишува самостојно смислена куса приказна со јасно препознатливи ликови и настани.<br>• Раскажува лично доживување и ги опишува чувствата во врска со доживувањето во форма на дневник.<br>• Ги почитува правописните правила при пишување текст. |

**Примери на активности**

*(Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците работат индивидуално и добиваат работен лист со два текста. Едниот текст е од енциклопедија или од учебник по географија (на пр. научно објаснување за сонцето), а другиот е литературен текст – песна (на пр. „Сончева песна“ од Стојан Тарапуза). Учениците ги читаат двата текста и потоа се отвора дискусија за јазикот и содржината на прочитаното. Наставникот насоките за дискусија ги поставува на таблата: Како ги доживеавте текстовите кои ги читавме? Кои се вашите првични согледувања? На каков јазик се напишани двата текста? Дали употребените зборови на ист начин ги објаснуваат претставените нешта? Дали зборуваат за исти нешта? Дали се еднакво прецизни двата текста? Какви информации има во едниот, а какви во другиот текст? Како е оживеано сонцето во песната? Во кој од двата текста е употребен

необичен јазик при описите на сонцето? Во кој од двата текста доаѓа до израз убавината на зборот? За кој од текстовите заклучуваме дека е литература? По дискусијата на таблата се пишува заклучок за поимот литература.

- Учениците работат индивидуално. Преку презентација се запознаваат со поделбите на литературата според формата, авторството и внатрешните својства (родот) и нивните основни одлики, посочувајќи соодветни примери. Поделени во групи со помош на техниката Мисловна мапа ги прикажуваат поделбите на литературата.
- Учениците добиваат наставни листови на кои има песни, раскази, драмски текстови. Скоро сите наставни листови се различни. Под сите текстови има простор со празни линии на кои ученикот ќе напише она што го согледува од наставниот лист кој го добил: како е напишан текстот, во која форма, што кажува/изразува/претставува текстот. Во меѓувреме наставникот подготвува на таблата шематски приказ и кратко објаснување за родовите во литературата (лирика, епика, драма). Учениците на стикерче го пишуваат насловот на она што го читале и го ставаат во оној дел од шематскиот приказ на кој сметаат дека припаѓа. Се дискутира за изборот/одговорот што го дале и причините на таквиот избор. Од дискусијата произлегуваат заклучоци кои ќе се допишат на првичниот шематски приказ за одликите на литературните родови.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива работен лист со два текста – едниот во стих („Сè што има крила, нозе, глава“ од Божидар Тимотиевиќ), а другиот во проза („Кралот Ружа и кралицата Трн“ од Ванчо Полазаревски). Ги читаат, ги разгледуваат и ги споредуваат текстовите. Дали текстовите се разликуваат надворешно (визуелно)? Кој од двата текста е поблизок до секојдневниот говор? Кој од двата текста има поголема ритмичност? Учениците во групите ги запишуваат на ливчиња што е поезија, а што проза. Групите си ги разменуваат ливчињата (вртејќи во круг), го проверуваат напишаното и дополнуваат доколку нешто испуштила претходната група. Во пар изработуваат Венов дијаграм за литература напишана во стих и литература напишана во проза.
- Учениците работат во групи. Секоја група добива три картички. Групите имаат задача да истражуваат во учебникот (или материјал кој го има во библиотечното катче во училницата) и да напишат наслови на текстови и автор. На картичките објаснуваат во каква форма може да бидат напишани литературните текстови од секој литературен род. Секоја од групите презентира, давајќи соодветно објаснување за избраните текстови. Се проверува точноста на задачата со коментари од учениците и наставникот.
- Учениците работат во групи. Поделени се во три групи и секоја група добива различни текстови. Првата група добива текст напишан во поезија и проза, втората група добива народна песна и уметничка песна и третата група добива лирски, епски и драмски текст. Групите ги читаат текстовите и ја определуваат припадноста на текстот. Потоа презентираат давајќи соодветно објаснување за неговата припадност.
- Учениците на наставен лист читаат народна песна и читаат авторска песна. Прават споредба на песните и дискутираат за нивното авторство, посочувајќи ја анонимноста наспроти конкретниот автор.
- Учениците читаат песна (пример, песната „Ковач“ од Ненад Џамбазов). Учениците дискутираат во групи: Каква е песната по должина? Дали песната може да се раскаже? Дали во неа се изразуваат чувства и расположенија? Какви се тие? Издвојте ги глаголите и заменките од песната. Во кое лице се глаголите во песната? И кога глаголите се во прво лице, дали тоа значи дека поетот пишува за себе и дека тој е ковач? Ги презентираат одговорите и се дополнуваат меѓу себе. Учениците доаѓаат до заклучокот дека ковачот од песната не е поетот, туку „гласот“ кој ги изразува чувствата и мислите и тој се нарекува лирски субјект. Индивидуално изработуваат Мисловна мапа/Скелетен приказ за лирска песна.

- Учениците работат во пар или во групи. Добиваат две песни. Едната песна (на пр. „Со оваа песна“ од Ванчо Николески) е со римувани (врзани) стихови, а другата (песната „Пазар“ од Бошко Смаќоски) е без римувани стихови (во слободен стих). Учениците добиваат задача да ги прочитаат песните и да ги пронајдат стиховите во кои има рими и стиховите во кои нема рими. Ги запишуваат во тетратките и презентираат. Потоа имаат задача од учебникот (или друг поетски материјал кој го имаат во библиотеката во училницата/училиштето) и од други песни да наведат по еден пример за врзани стихови и по еден пример за слободни стихови.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива наставен лист со различни видови строфи составени од различен број стихови. Ги читаат строфите и констатираат дека некои се составени од еден, два, три, четири или повеќе стихови. Наставникот ги поттикнува да размислат како се викаат строфите. Се започнува од моностих, дистих, терцет, катрен, па сè до децима. Се завршува со игровна активност *Изброј, изговори точно и победи* – натпревар помеѓу учениците кој најбрзо и најточно ќе ги каже видовите строфи.
- Учениците низ техниката Бура на идеи искажуваат на што ги асоцира поимот татковина запишан на таблата. На пример, татковина-родна земја, родина, роден крај, Македонија, минато, богата историја, природни убавини, херои итн. Учениците читаат песна („Што е тоа татковина“ од Видое Подгорец). Се интерпретира песната: Какви чувства се искажуваат во неа? Како е опеана татковината? Која поетска слика ви остави најсилен впечаток? Зошто? Учениците ги изнесуваат своите мислења и коментари во однос на поимот мотив при што наставникот укажува како се делат лирските песни според мотивот и доаѓаат до заклучокот што е тоа патриотска песна. Ги издвојуваат белезите на патриотската песна и ги споделуваат заклучоците заеднички.
- Учениците разгледуваат слики на пејзажи кои ги нацртале самите или ги донел наставникот. Ја читаат песната („Пејзаж“ од Васил Куновски) и работат во групи со техниката Дневник со двоен запис за да се објаснат основните белези на описните (пејзажните) песни, поткрепувајќи ги со соодветни цитати. Групите ги презентираат одговорите.
- Учениците индивидуално читаат песна (пример песната „Силата на зборовите“ од Стојан Тарапуза) која е богата со поетски слики. Потоа, учениците се поделени во групи и секоја група добива различна строфа од песната. Групите треба да ги идентификуваат поетските слики и да ги опишат, а потоа да анализираат и интерпретираат што се изразува преку нив. Групите презентираат и се дополнуваат, а потоа ги запишуваат поетските слики од целата песна во форма на куси искази.
- Учениците се наредени во две колони. Играта се спроведува во пар. Едниот ученик имитира звук, шум или глас, а другиот ученик треба да погоди кое животно, предмет или појава го испушта таквиот глас. Потоа се чита песна („Зимско утро“ од Блаже Конески). Се разговара за песната, се определува, мотив, стих, строфа, порака, а потоа се пронаоѓаат зборови кои содржат ономатопеја. Добиваат задача од звуци да создадат зборови *ономатопеи* (на пр. зу-зу, зуи, зуење, брм-брм, брмчи, брмчење итн.).
- Неколку ученици кажуваат именки кои ќе им паднат напамет и се запишуваат на таблата. Потоа, поделени во групи треба на именките да им додадат придавки кои ќе ги украсат, по можност да бидат и повеќе придавки. Наставникот ги наведува дека во литературните дела придавките имаат функција да го украсат, да го разубават зборот, да придонесат за неговата сликовитост и да му придадат нови значења односно колку е придавката понеобично поврзана со именката, колку повеќе го покажува отстапувањето од вообичаеното значење, толку епитетот е

поуспешен. Се чита песна („Тајна-игра-смисла“ од Славко Јаневски). Учениците во групи ги пронаоѓаат зборовите кои им придаваат нови и необични значења на именките и презентираат и го откриваат поимот епитет.

- Учениците работат самостојно. Добиваат песна во која има компарации, секое ко или како во песната е потенцирано. Се дискутира за изразите од зборови кои се поврзани со ко или како. Заклучоците за стилската фигура компарација се запишуваат во тетратка.
- Учениците добиваат картички со зборови (именки и глаголи). Работејќи во групи, треба да ги поврзат именките со глаголите за да добијат необични искази. На пр. Ја поврзуваат именката *облак* со глаголот *плаче* и така го добиваат исказот: *Облакот плаче.* Потоа се чита песна („Кој знае како и кога“ од Петре М. Андреевски. Се интерпретира песната според учените книжевнотеориски поими. Работејќи во група, учениците ги пронаоѓаат стиховите во кои сонцето е оживеано, односно стиховите во кои му се придаваат човечки особини и со тоа се дефинира поимот персонификација.
- Учениците работат самостојно. Добиваат за читање расказ или извадок од роман во кој ликот раскажувач е некое животно, растение, предмет... Раскажувачот може да е куче (пример извадок од „Тешко е да не ме сакаш“ од Ј.Петровиќ). Претходно добиваат податоци од наставникот/наставничката за авторот на расказот. Учениците согледуваат дека раскажувачот и авторот не се исти, и дека во секој раскажувачки текст има лик кој е раскажувачот и дека само понекогаш тој е еднаков на авторот.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива расказ напишан во трето лице. Во расказот има неколку лика. Задачата е да одберат кој лик ќе го претставуваат и од неговата позиција да го раскажат расказот (во прво лице). Се чита напишаното и се дискутира за нарацијата и нејзините разлики во однос на раскажувачот кој може да биде во *јас* и во *тој* форма во еден текст.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива наставен лист во кој има: расказ, или извадок од расказ, извадок од роман. Во наставниот лист дадени се прашања во врска со тоа дали дадениот текст: раскажува, претставува или изразува? Учениците го избираат одговорот и потоа го читаат пред паралелката заедно со извадокот во наставниот лист. Се отвора дискусија за карактеристиките на прозен текст (раскажувањето, описи, настани, ликови, должина на раскажувањето). На наредниот час учениците ги препрочитуваат текстовите и одредуваат по еден клучен, за нив важен збор во секој одделен пасус и објаснуваат зошто го одбрале и што тој значи за нив во текстот.
- Учениците самостојно читаат космогониски мит за настанувањето на светот и вселената. За митот наставникот има подготвени прашања(за што станува збор во митот, какви информации дава митот, во кое време се случува, кој го раскажува настанот). Учениците одговараат самостојно на листот, а потоа се дискутира секое прашање и одговор за да се направи заеднички заклучок за тоа што се опишува во митот.
- Учениците работат самостојно, читаат извадоци од „Најубавите митови“ од Г.Шваб (се избира еден митовите: Митот за Прометеј, Митот за Икар, Златното јаболко и сл). При тоа тие издвојуваат клучни и непознати зборови и прават кратки белешки. На крајот учениците имаат задача со техниката Лектирно орманче да го раскажат митот што го одбрале и да го нацртаат ликот на кој што се однесува. Лектирното орманче се изработува од лист хартија кој се превиткува на четвртини, така што се добиваат две врати на орманче. Одозгора, на вратите се црта, а внатре се раскажува митот. Презентираат пред паралелката.

- Учениците во групи илустрираат ликови од прочитани митови. Секоја група ја презентира илустрацијата и наведува од кој прочитан мит е истата.
- На час се чита „Кралот – Жаба или верниот Хајнрих“, од Браќата Грим. Учениците добиваат насоки како да ја анализираат волшебната приказна/сказна. Со помош на наставничката/наставникот ги запишуваат: темата, времето, просторот, ликовите односно, јунакот, по кого или по што трага јунакот, кој и како му помага или пак му пречи, како  и зборовните формули и волшебните предмети со кои се служи јунакот. Презентираат пред сите во паралелката.
- Учениците имаат задача да нацртаат еден волшебен предмет и да го опишат пред паралелката, која е неговата функција и на кого би можел да му биде од помош. Учениците кои имаат инспирација може да смислат зборовна формула и да ја прочитаат пред останатите.
- Учениците работат самостојно и ја читаат: „Среќниот принц“ од Оскар Вајлд. Прават план на настаните во текстот и разговараат за раскажувачот, за содржината на текстот, кои ликови и кои настани се сказнолики/волшебни во текстот. Потоа добиваат задача да направат мапа на градот каде што ќе ги означат локациите од ликовите на кои им помогна Принцот со помош на ластовицата. На мапата треба да биде нацртана и статуата од Принцот. Учениците треба да ги именуваат и улиците (со што ќе внимаваат правилата за пишување голема буква). Потоа избираат еден лик (епизоден, од тие што добија помош од Принцот) и ја раскажуваат неговата приказна. Сите раскажани приказни се пишуваат кратко и се поставуваат во училницата.
- Учениците прават проектна активност – *Денови на сказната*. На почетокот на проектната активност, подготвуваат говор и презентираат некоја сказна која многу ја сакаат. Потоа се делат во групи и добиваат по една нова сказна за читање, секој час, неколку часа по ред. За реализација можат да се користат: „Принцезата на зрно грашок“ од Андерсен, „Светот под езерото“ од Десанка Максимовиќ, „Сказна за рибарот и рипката“ А.С. Пушкин „Принцот облак“ – Гроздана Олуиќ. Заеднички ги објаснуваат карактеристиките на сказната преку дискусија за темата, ликовите и нивните карактеристики и волшебните настани. Во секоја група се чита и се пишуваат белешки и клучни зборови. Белешките се споделуваат во групата, а потоа во одделението.
- Учениците работат во пар. Се потсетуваат на прочитан мит или сказна од минатите часови. Со помош на Венов дијаграм ги споредуваат карактеристиките на митот и сказната според настаните и ликовите.
- Учениците работат во пар. Секој пар има задача да наведе  неколку примери авторски и народни сказни. Примерите се споделуваат пред одделението.
- Учениците се поделени во две групи. Ја читаат „Царевото ново руво“ од Андерсен и „Брат брата не рани, тешко му кој го нема“ (Шапкарев). Прават анализа на приказните со техниката прозорец: цртаат еден прозорец и на едното крило од прозорецот ги запишуваат карактеристиките на приказната, а на другото цртаат цртеж кој ќе прикаже нивно видување на приказната. Потоа ги претставуваат пред паралелката, во однос на реалистичноста на темата, ликовите, настаните.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива по една приказна. Една група добива реалистична, друга волшебна приказна. Задачата е еден ученик да ја прочита на глас во рамките на групата, потоа заеднички да ги запишат карактеристиките на приказната според дадени насоки.

Потоа онаа група што имала реалистична приказна, ја добива волшебната и обратно, ги решаваат истите задачи. Потоа прават Т-табела во која ги споредуваат двете приказни. Секоја група го презентира сработеното, наведувајќи и други примери на волшебни и реалистични приказни.

- Учениците читаат самостојно расказ (пример од збирката „Рано дојде љубовта“ од Горјан Петревски) и ги анализираат ликовите, кои се, колку се на број, кои постапки ги прават, кои и колку настани се опишани, кој раскажува, каде се одивива настанот. Прочитаното се претставува преку техниката Ѕвезда на приказната.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група има задача да го прочита дадениот расказ и да ги издвои клучните и непознатите зборови. Потоа групите добиваат по три картички на кои треба да направат кратки белешки поврзани со издвоените зборови. Картичките се презентираат пред паралелката и се разговара за истите.
- Учениците започнуваат со проектната активност: *Денови за роман.* Учениците се поделени во групи. Во неколку последователни часови во три недели учениците читаат извадоци од роман. Во рамките на групата, секој ученик води дневник за читање романи –извадоци од романи, при што се прават белешки елементите на романите. По секое читање на нови извадоци учениците како група прават презентација на прочитаното со помош на белешките. При читањето можат да се користат соодветни извадоци: „Том Соер“ од М.Твен „Децата од улицата Пал“ од Ф. Молнар.
- Учениците носат соодветен материјал за обработка на лектирата, авантуристичкиот роман „Робинзон Крусо“ со примена на техниката „Лектира во торбичка“. Учениците на час носат хартиена кеса (кеса за подарок и неколку листови во боја. На едната страна од кесата лепат лист и на него ја раскажуваат накратко содржината од романот. На другата страна лепат лист на која ја запишуваат темата, идејата и ликовите автор, раскажувач, ликови, содржина, тема, време, простор, идеја. Во кесата ставаат пет мали листови во кои накратко опишале пет авантури на Робинзон Крусо. Си ги разменуваат кесичките и читаат што напишале едни со други.
- Учениците избираат лик (претходно наставникот/наставничката им има подготвено картонски цртежи со профилна слика на лик од читан роман на кој лицето му е исечено, па ученикот го става своето лице на сликата). Добиваат задача да се стават себеси во позиција на ликот што го одбрале и усно да раскажат некој негов настан, а потоа раскажуваат своја или видена таква случка од секојдневието. Потоа во одделението се дискутираат сличностите меѓу *проблемите* на ликовите и на учениците.
- Учениците обработуваат лектира на часот која е роман. Наставникот ги има поставено на таблата насловите на главите или друг начин на кој романот е поделен во неговата структура за да им биде насока при прераскажувањето на лектирата односно последователноста на настаните. Учениците се следат и дополнуваат во прераскажувањето на романот.
- Учениците на час гледаат филм (или претходно биле на кино). По посетата/проекцијата имаат задача да го прераскажат гледаниот филм почитувајќи го редоследот на настаните во филмот.
- Учениците работат според инструкциите за техниката *Насочена фантазија*. Ги затвораат очите и ги слушаат инструкциите: *Замислете се покрај еден убав сончев брег. Се шетате покрај морето и дишете длабоко од свежиот утрински воздух. Ја мирисате морската сол. Ги слушате плискањата и брановите. Сè е мирно и тивко. Нема никој на брегот. Небото е сино. Се гледаат оддалеку прекрасни птици кои радосно пеат и летаат во кругови. Одеднаш здогледувате во далечините еден чамец. Во него е една личност што ја сакате многу. Тој/таа се приближува кон брегот и мафта со рацете. Вика по вас. Ве повикува да дојдете во кајчето и да се возите по морската широчина. Вие се радувате. Подготвени во костимот за капење се стрчувате кон морето. Ја чувствувате студената вода, ама не ви е проблем. Убаво ве*

*разладува. Ги слушате вашите пляскања во водата. Испливувате до човекот. Ви подава рака и се качувате на кајчето. Се чувствувате прекрасно. Мирно е, морето е сино и се бранува нежно. Птиците сега се поблизу до вас. Ги слушате убаво како пеат. Молчите и го гледате синото небо на кое нема ниту едно облаче. Се слуша пляскањето на брановите во кајчето… се будите…* Откако ќе се разбудат одговараат на следните прашања: Какво беше небото? Како изгледаше личноста што ја сакате многу? Која е таа/тој? Носеше капа? Во која боја беше? Што слушавте? Што видовте? Откако ќе заврши кратката дискусија во која учениците споделуваат што виделе и чуле, тие сето тоа го запишуваат како краток расказ.

- Учениците на час зборуваат за некоја позната личност, може да биде музичка ѕвезда, спортист или активист. Потоа се чита текст во кој се опишува личноста, се изложуваат факти и информации. Учениците потоа продолжуваат со самостојна работа и ја опишуваат личноста. На крајот се чита и се диксутира за содржината на описот.
- Учениците се делат во парови. Имаат задача во тетратката да именуваат некоја природна појава: град, снег, грмежи, торнадо, земјотерес... потоа со техниката бура на идеи да ги напишат сите зборови што им доаѓаат кога ќе помислат на таа појава. Користејќи ги зборовите прават опис на појавата којашто ја именуваа.
- Учениците го избираат своето омилено годишно време и во тетратката запишуваат кои особености ги има тоа. Цртаат цртеж од: пролет, лето... и усно го опишуваат. Потоа добиваат картичка во која има опис на еден лик, се обидуваат да го вметнат ликот во измислена приказна во која е опишано годишното време. Ликот не го сака/го сака тоа годишно време. Напишаното се споделува во паралелката.
- Опишува ликови, личности, предмети, појави, пејзажи од реален живот или од илустрации/видеа.
- Учениците се поделени во групи, секоја група добива извадок од книгата „Приказни за момчиња кои не се плашат да бидат поинакви“ од Бен Брукс. Описот за личноста која ја имаат во извадокот потоа ја опишуваат и портретираат во краток текст. Напишаното се споделува во паралелката. На крајот дискутираат за славните и не толку славни мажи од минатото до денес кои го направиле светот подобро место преку сочуство, великодушност и самодоверба.
- Учениците работат во парови. Со помош на техниката „хамбургер“ совладуваат композиција на текст. Добиваат делови од хамбургер направени од хартија. Горното лепче е воведниот дел, долното лепче е завршниот дел. Плескавицата е главниот дел. Зеленчукот се стилските фигури а помфритот се новонаучени зборови. На листовите од обратната страна го читаат текстот и согледуваат за важноста на сите елементи. Оваа активност може да се реализира и со електронски материјал: презентација, фотографија, 3Д форма и сл.
- Учениците работат самостојно. (Оваа активност им помага да разберат како се создаваат митовите.) Имаат задача да се замислат дека се едно племе кое живее изолирано во еден шумски предел. Еден ден од небото се појавува вселенско летало. Во своето племе тие немаат сознание за сите технички пронајдоци од денешнината. Живеат како домородните племиња во минатото. Од вселенското летало со голем сјај излегуваат две суштества... Задачата на учениците е да дадат објаснување, од позиција на тогашни луѓе, како се случило тоа, кои се двете суштества, како ќе се однесуваат со нив... и сл. Неколку ученици ги споделуваат идеите, а наставничката/наставникот ги запишува на табла (преку техниката: бура на идеи) потоа бара од учениците да напишат краток текст во кој едното суштество ќе биде Богот на Вселената, а другото божицата на Земјата, неговата жена. Текстовите се пишуваат со почитување на воведен, главен и завршен дел на текстот. Напишаното се чита во паралелката.

- Учениците работат самостојно. Добиваат задача да пишуваат белешки за некоја задача или проект што го добиле по предметот. Тоа го пишуваат во посебна тетратка назначувајќи датум за секој запис. Учениците може белешките да ги запишуваат и електронски и потоа во ПДФ формат да ги објават како е-книга за што може да користат апликација од интернет.
- Учениците работат во парови. Добиваат наставен лист во кој има здебелени зборови. Задачата е да ги променат зборовите со нови зборови или изрази со што би го збогатиле текстот и би дале креативни решенија, на крајот текстот си го проверуваат од аспект на примена на правописни правила.

**Подрачје:** ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ***
**Вкупно часови: 20**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. прави разлика меѓу вести и мислења;
2. ја објаснува улогата на новинарството и потребата од придржување до етичките стандради (непристрасност и балансираност)
3. ја објаснува важноста на слободата на изразување и на придржување на етичките стандарди на однесување во дигиталниот простор;
4. препознава говор на омраза во медиумите и наведува стратеги за спротиставување на говорот на омраза.

Ученикот/ученичката ќе развива свесност за:

5. етичко однесување во онлајн комуникацијата;
6. влијанието на медиумските пораки и содржини врз мислењето на корисниците.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Улогата на новинарството** (вести, мислења, новинар, новинарство, етички стандарди, непристрасност и балансираност) | • Наведува примери за информативни содржини и примери за содржини во кои се изнесува мислење.<br>• Ја објаснува улогата на новинарството во општеството.<br>• Го објаснува значењето на непристрасноста и балансираноста како етички стандарди. |
| • **Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор** (лични навреди и клевети, почитување на приватност) | • Ја објаснува важноста на слободата на изразување при креирање и споделување на медиумските содржини.<br>• Препознава лични навреди и клевети во онлајн комуникација.<br>• Објаснува (преку пример) што значи заштита на приватноста во дигиталниот простор<br>• Препознава прекршување на правото на приватност при онлајн комуникација. |

| | |
|---|---|
| | • Ги објаснува последиците од неетичко однесување во дигиталниот простор. |
| • **Стереотипи и говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи** (родови стреотипи, возрасни стереотипи, расни стереотипи, етнички стереотипи, професионални стереотипи, говор на омраза) | • Препознава стереотипи во медиумите.<br>• Објаснува како стереотипите во медиумите ја искривуваат вистината.<br>• Ги објаснува последиците од ширењето стереотипи преку медиумите и на социјалните мрежи.<br>• Препознава говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи.<br>• Објаснува што е говор на омраза.<br>• Ги објаснува последиците од користење говор на омраза во медиумите и на социјалните мрежи.<br>• Наведува стратегии за спротивставување со говорот на омраза. |

**Примери на активности:**

*(Примерите главно обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат како модел за креирање нови активнсоти за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Учениците, поделени во групи, добиваат комплет од 8 картички со куси новинарски текстови (измислени или преземени) со наведен автор (измислен или вистински). Три од текстовите треба да бидат со информативни содржини, а пет со со содржини во кои се изнесува мислење, при што секој текст треба да биде на различна тема (пр. здравство, култура, спорт, корупција, заштита на животна средина):
    - Примери за информативни текстови: Резултати од четвртфиналето на Светското фудбалско првенство; Информации за слободни места за упис во средните училишта; Преглед на сообраќајните несреќи во кои настрадале пешаци во текот на изминатата година.
    - Примери за текстови со изнесено мислење: Како да бидат жените позастапени во власта; Како правилно да се храниме за да бидеме здрави; Бездомниците станаа и наша реалност; Скопје повторно меѓу најзагадените градови во светот: Што мислат граѓаните за тоа?; Кој повеќе страда од булинг – момчињата или девојчињата?

  При тоа треба да се внимава текстовите да бидат непристрасни/објективни (да ги исклучуваат предубедувањата на новинарите), а оние што изразуваат мислење да бидат и балансирани (да ги содржат ставовите/аргиментите на луѓето со различни гледишта во врска со проблемот)

Групите добиваат задача да ги анализираат текстовите и да ги групираат според тоа дали содржат само информации или, освен информациите пренесуваат и мислење. Откако ќе ги презентираат одговорите, се поведува дискусија во што се состои разликата меѓу информативни содржини или и содржини содржини што изразуваат мислење. Врз основа на дискусијата се заклучува кои се очекуваните точни одговори (особено важно доколку некоја група не направила точна поделба на текстовите.

Истите картички се користат за да се идентификуваат авторите на текстовите и да се укаже дека тие се новинари и дека текстовите се новинарски написи што се среќаваат или би можеле да се сретнат во медиумите (електронски или пишани). Групите добиваат по две картички од текстовите (различни комбинации за секоја група) со задача да ги анализираат од аспект на тоа: (1) кои информации или проблеми ги опфаќаат, (2) како им помагаат на читателите или влијаат врз нив и (3) како може да придонесат за секојдневниот живот на луѓето или за решавање на проблемите во општеството. Откако ќе ги презентираат резултатите од направената анализа, заеднички се дискутира за улогата на новинарите и за важноста на новинарството за секојдневниот живот на луѓето и за демократијата во општеството.

Наставникот користи еден од текстовите што изразуваат мислење за да укаже што значи непристрасно (објективно) и балансирано новинарско известување. Потоа, секоја група добива по еден текст со задача да го претвори во пристрасен и небалансиран текст. Потоа групите ги читаат „новите“ текстови и на крај се дискутира кои се последиците од пристрасно и небалансирано известување и зошто е важно сите новинарски написи да ги следат барањата за непристрасно и балансирано известување.

- Учениците, поделени во групи, ја добиваат следната задача: Секој од групата да си замисли дека на некоја социјална мрежа (фејсбук, инстаграм, тик-ток...) објавил селфи. На заеднички лист, секој од групата пишува по еден коментар што би сакал да го/ја добие под објавеното селфи (на пр., Многу си згодна ☺; Изгледаш топ ❤; Права маникенка!; Супер фраер 💪). Потоа листовите се ставаат на ѕид и се читаат коментарите на сите. Заеднички се констатира дека секој сака да добие позитивни кометари.

Групите добиваат задача на друг лист да напишат негативни коментари кои некои други би можеле да ги објават под неговото/нејзиното селфи кога сакаат да го/ја навредат (на пр., Личиш на диносаурус 🤭; А да ослабеше некое кило👌😁; Бљак🤮; На што личиш бре🤌). Листовите се ставаат на ѕид и се читаат напишаните коментари. Се дискутира какви чувства предизвикуваат ваквите кометари кај лицето на кое му се наменети.

Групите добиваат задача да си замислат ситуација во која некој го презема објавеното селфи и го споделува со друг и под преземената слика објавува и коментар во вид на клевета – невистина за некого со цел да го оцрни, да му го наруши угледот (на пр. Овој е крадецот од гардеробите на Физичко; Рекордерка во бакнување). На посебен лист секој од групата пишува по еден коментар во вид на клевета. Потоа листовите се ставаат на ѕид и се читаат коментарите на сите. Сите заедно дискутираат по следните прашања: (1) Какви се последицито по наклеветеното

лице? (2) Како му е нарушена приватноста и тогаш кога не му е објавено името? (3) Колку е етички да се навредуваат и клеветат другите преку социјалните мрежи? Заеднички се заклучува дека секој е одговорен етички да постапува исто како во реалноста –клеветењето и навредувањето на социјалните мрежи е насилничко однесување иако лицето што клевети и навредува „не се гледа“.

Секоја група дава предлози за етичко однесување на социјалните мрежи – што треба, односно не треба да се прави (на пример, Не ги навредувај и омаловажувај другите. Не користи навредливи и непристојни зборови при коментирање фотографии и постови на другите. Не изнесувај приватни информации за другите. Не споделувај фотографии и доверливи информации без дозвола.). Од дадените препораки заеднички се составува кодекс на однесување на социјалните мрежи.

- Учениците, поделени во 5 групи, влечат по една од комплетот картички на кои се напишани (по едно на секоја картичка): РАСА (белци, црнци и други), ПОЛ/РОД (момче, девојче, жена, маж), ПРОФЕСИЈА (полицајци, лекари, наставници и други), ВОЗРАСТ (постари, помлади, тинеџери), ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВО (ќерка, син, мајка татко, баба, дедо). Секоја група треба, на голем лист хартија, да опише (со зборови и преку цртеж) како луѓето на избраната картичка се прикажани во медиумите (во филмовите, играните серии, рекламите) – *како изгледаат, како се однесуваат и какви особини имаат.* На друг лист хартија, треба и да наведат примери од медиумите во кои го виделе тоа (кој филм, серија, реклама). По завршување на работата, секоја група (една по една) ги закачува своите листови со описите и примерите на ѕид и ја презентира својата работа пред другите. По секоја презентација учениците од другите групи дополнуваат со свои примери и заеднички се констатира каков опис доминира во медиумите. Наставникот ги запишува на табла сите наведени описи што се совпаѓаат со вообичаените стереотипи за групите (пр.: Црнците се криминалци, продаваат дрога... Бабите се грижливи, прават пита, не се дотеруваат, Момчињата се храбри, силни, не плачат).

  Наставникот ги користи описите запишани на таблата за да го дефинира поимот *стереотип* (карактеристика што им се припишува на припадниците на одделни групи) и да укаже на видовите стереотипи што се определени со групите на кои се однесуваат (расни, родови, професионални, возрасни). При тоа, описите на членовите на семејството се поврзуваат со родови и возрасни стереотипи.

  Во рамки на секоја група, секој ученик треба да наведе пример на конкретно лице што го знае, а што е различно од стереотипот и да ги наведе неговите/нејзините карактеристики што го/ја прават да се разликува од стереотипот. Групите ги презентираат своите примери. Во отворена дискусија се заклучува дека медиумите главно нѐ тераат да ги гледаме сите припадници на една група како да се исти (според стереотипот), иако многу од нив се разликуваат од стереотипот.

  Се води отворена дискусија за да се објасни како родовите стереотипите во медиумите се пренесуваат и на социјалните мрежи: (1) Колку некој (момче или девојче) што е различен од стереотипот се чувствува слободен да се прикаже во вистинското светло?; (2) Како би реагирале другите

доколку се прикаже во поинакво светло; (3) Кои се последиците од тоа?. Заеднички се заклучува за негативните последици од ширењето родови и друг вид стереотипи преку медиумите и на социјалните мрежи.

Од групите се бара да подготват предупредување што би се ставило пред филмот, серијата или рекламата што ги поттикнуваат стереотипите кон определена група, по принципот на предупредувањето што го има на цигарите: Пушењето убива – да смислат една ударна реченица која укажува на последицата од присуството на конкретниот стереотип.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот треба да направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, континуирано да ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и да прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- есејските прашања;
- изработката на проекти;
- изготвувањето постери;
- контролните вежби;
- тестовите на знаења;
- рефлексивните дневници;
- истражувачките задачи и активности при кои ученикот врши: собирење податоци, евидентирање, претставување резултати – наративно или со табели, дијаграми, графици и нивно презентирање;
- изработките/ практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови, граматички анализи на текст, прикази, шеми, илустрации, презентации и сл.);
- писмените извештаи со податоци од спроведени истражувања.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2023/2024 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик* за VI одделение.** | бр. 08-3170/2<br>15.3.2023 година<br><br>Министер за образование и наука,<br>Doc. Dr. Jeton Shaqiri, с.р.<br><br>______________________________ |